ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 23 септември 2015

# СООПШТЕНИЕ

## Средба со пензионерите во Кичево во рамки на проектот „ФЗОМ поблиску до пензионерите“

Денес во Кичево се одржа 24-тата едукативна работилница, во согласност со договорениот акциски план со Сојузот на пензионери на Македонија, во кој се предвидени 32 едукативни работилници, кои Фондот за здравствено осигурување планира да ги реализира во текот на целата 2015 година, на територија на Република Македонија.



Директорот Стефаноски на почеток на работилницата го истакна своето задоволство од одличната соработка што Фондот ја има со Сојузот на пензионери на Македонија. Фондот за здравствено осигурување полага исклучително внимание на директната средба со осигурениците за градење на заедничка доверба и меѓусебна почит, бидејќи целта е иста, квалитетни здравствени услуги, задоволни пациенти. Стефаноски констатираше дека токму пензионерите се квалитетен опсерватор на здравствениот систем во целост, не само во Македонија, туку насекаде во светот и искажа благодарност до Сојузот на пензионери на Македонија поради нивната посветеност и квалитетни предлози од сферата на здравството и нивната конструктивна улога во изнаоѓање на поефикасни решенија кои се од корист на пациентите. Директорот Стефаноски како значен го истакна проектот на Фондот кој овозможува хроничните пациенти со едно доаѓање кај матичен лекар да подигнат рецепти за шест месечна терапија.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 9001 CERTIFICATE NO. 20 100 131352879 TÜV AUSTRIA CERT GMBH



Сегмент од работењето на Фондот за кој осигурениците се многу заинтересирани се лековите. Фондот во континуитет работи да обезбеди што повеќе лекови без доплата. Директорот Орхан Рамадани им се заблагодари на пензионерите кои за време на својот работен век дале придонес на градење на нашето општество.

Претседателот на Сојузот на пензионери на Македонија, Драги Аргировска искажа благодарност од слухот кој Фондот го има за пензионерите и потенцираше дека токму пензионерите иницирале да се овозможи подигнување на хроничната терапија за шест месеци со само една посета на матичен лекар. Што значи дека овие средби имаат ефект кој е од корист на осигурениците и пациентите и затоа оваа соработка ќе продолжи и во иднина.



Фондот за здравствено осигурување на Македонија како институција секогаш ги поддржува напорите од овој тип и е отворен сите идеи кои се во насока на долгорочно решавање на проблемите, и кои овозможуваат поздрави и посреќни граѓани.